# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 1, година LI**
**Понеделник, 03.02.2020**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/1
03.02.2020 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), а во врска со Одлуката на Владата број 45-10997/1 од 28-ми декември за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ 276/19) Советот на општина Битола, на седницата број 50 одржана на 30.01.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

Во членот 1 од Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година (Службен гласник 25/19) се врши измена и дополнување на начин што членот ќе гласи:

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници од 81,10 денари се менува и гласи 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Битола“, а ќе се применува со исплата на платата од јануари 2020 година.

Бр.09-03/3
30.01.2020 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум**

1. Ја објавувам Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ‘‘ бр.5/2002), член 70 од Статутот на Оптина Битола(Службен гласник на Општина Битола бр.10/05, 17/08 и 08/19) и член 7а од Законот платен промет („Службен весник на РМ ‘‘32/1, 50/01, 52/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на висината на благајничкиот максимум**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари .

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува 100.000,00 денари

Висината на благајничкиот максимум на готови пари-девизни средства кој може да се држи во касата изнесува до

-3.000 евра од програма АО
-3.000 евра од програма ЕО
-3.000 евра од програма ДО

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајна изнесува 200.000 денари.

**Член 3**

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 6.000 денари.

**Член 4**

Условите и начинот на наплата како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола„.

Бр.09-03/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за примање на донација Парк за деца и лица со посебни потреби и слепи лица на Општина Битола даден од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион**

1. Ја објавувам Одлуката за примање на донација Парк за деца и лица со посебни потреби и слепи лица на Општина Битола даден од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), член 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“бр.47/06...153/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
## за примање на донација Парк за деца и лица со посебни потреби и слепи лица на Општина Битола даден од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола во својство на примател ја прима донацијата од Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион – Парк за деца и лица со посебни потреби и слепи лица

### Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Се овластува и задолжува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-03/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на управување и одржување на Паркот за деца и лица со посебни потреби и слепи лица на ЈП „Комуналец“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање на управување и одржување на Паркот за деца и лица со посебни потреби и слепи лица на ЈП „Комуналец“ – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на општината Битола на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на управување и одржување на Паркот за деца и лица со посебни потреби и слепи лица на ЈП „Комуналец“ - Битола

### Член 1

Со оваа Одлука општина Битола му го дава на управување и одржување Паркот за деца и лица со посебни потреби и слепи лица на ЈП „Комуналец“ Битола.

### Член 2

Управувањето и одржувањето на паркот од член 1 од оваа одлука ќе се врши согласно надлежностите на јавното претпријатие утврдени со законските и подзаконските акти.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.09-03/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Долно Оризари - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Долно Оризари – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 39 и 42 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 30.01.2020 година донесе:

## О Д Л У К А
## за донесување на Урбанистички план за село Долно Оризари - Општина Битола

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на Урбанистички план за село Долно Оризари - Општина Битола.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Долно Оризари – Општина Битола е дефинирана во текстуалниот дел и во графичките прилози од планската документација. Во графичките прилози е прикажана со испрекината црвена линија и ги поврзува сите прекршни точки за кои може да се отчитаат координатите од ажурираната геодетска подлога врз која е изработен планот.

Површината на планскиот опфат на Урбанистички план за село Долно Оризари – Општина Битола изнесува 117,77 ха.

**Член 3**

Постапката за изработување и донесување на Урбанистички план за село Долно Оризари - Општина Битола се водеше преку информацискиот систем е-урбанизам под бр. 2509 а урбанистичкиот план се состои од текстуален и графички дел. кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот со денот на објавувањето во „Службен Гласник“ на Општина Битола“.

Бр.09-03/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за обезбедување надзор од страна на Општина Битола за реализација на проектот „Изградба на улици во населено место Долно Оризари - Општина Битола“

1. Ја објавувам Одлуката за обезбедување надзор од страна на Општина Битола за реализација на проектот „Изградба на улици во населено место Долно Оризари –

Општина Битола“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за обезбедување надзор од страна на Општина Битола за реализација на проектот „Изградба на улици во населено место Долно Оризари - Општина Битола“

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола обезбедува надзор за реализација на проектот „Изградба на улици во населено место Долно Оризари – Општина Битола“. Реализацијата на проектот ќе биде со средства од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој преку Центар за развој напелагонискиот плански регион.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-03/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар , Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија„ бр.79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата оддржана на 30.01.2020 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар , Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила - Битола

**Член 1**

Се продолжува меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар , Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила – Битола воспоставена со Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила – Битола бр. 09-157/13 од 14.11.2018 година и склучен Договор бр. 08-418/10-2018 од 07.02.2019 година заклучно со 31.12.2020 година

**Член 2**

За продолжувањето на востановената меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука општините ќе склучат меѓусебен Анекс договор.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-03/9 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 30.01.2020 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | Валентин Груевски |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за економски развој во Општина Битола за 2020 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програма за економски развој во Општина Битола за 2020 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-120/8 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 03.02.2020 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Наташа Петровска |

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола„ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општина Битола, на својата седница, одржана на ден 30.01.2020 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## за економски развој во Општина Битола за 2020 година

Со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

**ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на програмата за економски развој во Општина Битола**
**за 2020 година**

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за економски развој во Општина Битола**
**За 2020 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 741114 | Пренесен вишок на приходи од претходна година | **106.636.880,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **106.636.880,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за економски развој во Општина Битола**
**За 2020 година**

| Ред. Бр. | шифра | Расходи | Износ (ден) |
|---|---|---|---|
| 1 | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСВЕРИ** | **83.879.016,00** |
| 1.1 | 464 990 | Други трансфери | **12.540.005,00** |
| 1.2 | 426990 Г1 | Активности за СТРАТЕГИЈА ЗА ЛР | **300,000.00** |
| 1.3 | 426120 Г1 | Членарини во ЛАГ и ЗЕЛС | **806,000.00** |
| 1.4 | 463110 ЗГ | Соработка со ГО | **700.000,00** |
| 1.5 | ЗГ трансфери | Еднократна парична помош на здружение на граѓани | **2.000.000,00** |
| 1.6 | 3 Г трансфери | Кредит за возила за превоз на патници | **61.500,000.00** |
| 1.7 | 744311 КА | Офицерски дом-зголемена туристичка понуда | **5.879.261,00** |
| 2 | 482 | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **22.757.864,00** |
| 2.1 | ЈД 482 110 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на улици и патишта | **12.940.404,00** |
| 2.2 | ЈИ 482 310 | Подготвување на објекти за пречистителни станици и колектори | **336.400,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.3 | ЈГ 482 710 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за водоснабдување | **424.060,00** |
| 2.4 | ГД 482 810 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за енергетика | **690.600,00** |
| 2.5 | ЈЛ 482 910 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на други објекти | **2.850.000,00** |
| 2.6 | ЈЛ 482 210 | Подготвување на проекти за мостови | **1.716.000,00** |
| 2.7 | ЈЛ 482 930 | Реконструкција на дриги објекти | **3.800.000,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **106.636.880,00** |

Дел од средствата од оваа Програма ќе бидат вложени за изработка на техничка документација, а дел во изградба на објекти за кои е аплицирано на меѓународни повици, добиени се грантови и за кои се склучени договори за реализација (пр. Адаптација и реставрација на Офицерски дом Битола) дефинирани со листата од Прилог 1 и Изменет Прилог 2. Исто така тука се и средствата од кредитот за набавка на 4 автобуси преку проектот МСИП евидентирани во Изменетиот Прилог 2.

Расходите за набавка на проектна документација (техничка документација, фисибилити студии и сл.) ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на општината и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1, ИЗМЕНЕТ ПРИЛОГ 2 и ПРИЛОГ 2 - АКЦИСКИ ПЛАН СО ВМЕТНАТ РОДОВ АСПЕКТ)

Програмата за економски развој е родово одговорна. При нејзината изработка се земаа предвид потребите, улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на жените и мажите. Конкретно, (1) при изградбата на коловози, секаде каде има простор, е предвидена изградба на тротоари цо цел да одговори на потребите на жените и мажите за движење; (2) предвидената мрежа за осветлување соодветствува на потребите на жените пред сѐ, за зголемена безбедност; (3) планираната изградба и реконструкција на водоводна линија и атмосферска и фекална канализација исто така е развиена врз основа на потребите на мажите и жените и нивните различни улоги во домаќинството. Дополнително, во насока на економско јакнење на жените, но и општината во целина, програмата предвидува (4) активности за поддршка на женското претприемништво, насочени кон невработените граѓанки со стекнато високо образование.

Исто така разгледана е подршката на граѓанските организаци од страна на општина Битола од родов аспект.

Тука се: воведување на советници за кариерен развој во средните училишта за да се зголеми на вработливоста на младите момчиња и девојчиња.

Планирана е обука на проектанти на сообраќајни проекти за вовед на нестеротипни сообраќајни знаци како пракса воведена во ЕУ земјите, а со цел да се разбијат стереотипите во постоечките од родов аспект. Исто така и обука на сите проектанти од високоградба и нискоградба со која ќе се постигне родова еднаквост во користење на идните проекти.

На овој начин, Општина Битола покажува дека ги поддржува и применува принципите на родово одговорно креирање на политиките и следствено-родово одговорно буџетирање. Покрај тоа што овие практики имаат за цел да ги слушнат и да одговорат подеднакво на потребите на мажите и жените, тие истовремено го зголемуваат

нивото на транспарентност, го подобруваат учеството на граѓан(к)ите и ги подобруваат економските политики на општината.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за економски развој и Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола, Одделението за економски развој
- Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2021 година.
- Со оваа Програма престанува да важи Програмата за економски развој за 2020 година Бр.09-181/24 од 25.12.2019, објавена во Сл.Гласник на Општина Битола бр.24/2019.

Бр.09-03/10
30.01.2020 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

**ПРИЛОГ 1 по ПРОГРАМА ЗА 2020.**

ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДБА
( ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА, ГЕОМЕХАНИЧКИ, СОГЛАСНОСТИ ОД ИЗИИС, ГЕОДЕТСКИ И ДР. ЕЛАБОРАТИ СОГЛАСНО ЗАКОН)

| Ред. бр. | ЛОКАЦИЈА / УЛИЦА | Програма ЈД Подготвување проектина улици и л.патишта,споменици ЈД (482110,) | Програма ЈИ Подготвување на проекти за на пречист станици и колектори (482310) | Програма ЈГ Подготвување на проекти за водоснабдување (482710) | Програма ЈГ Подготвување на проекти за енергетски капацитети (482810) | Програма ЈЛ Подготвување на проекти за други објекти (482910) | Програма ЈЛ Подготвување на проекти за мостови (482210) | Програма ЈЛ Реконструкција на други објекти (482930) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ и ЛОК ПАТ ВО С. ОСТРЕЦ | 450.000,00 | | | | | | | 450.000,00 |
| 2 | с. БАРЕШАНИ | 24.000,00 | | | | | | | 24.000,00 |
| 3 | Л.П. Брусник | 25.000,00 | | | | | | | 25.000,00 |
| 4 | Проекти за партерно уредување на школски дворови во ОУ и СЦУ | | | | | 300.000,00 | | | 300.000,00 |
| 5 | Санација и реконструкција на објекти во сопственост на општина Битола и кровови (Адаптација на дел од „Мајчин дом во градинка„ П=450 м2, ПУ Е. Караманди со П=2142 м2 и СЦУ Јане Сандански со П=582 м2) | | | | | 400.000,00 | | | 400.000,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Планска документација за проект „Пречистителна станица на општина Битола„ финансиран од ИПА прог на ЕУ) | 400.000,00 | 140.000,00 | | | 500.000,00 | | | 1.040.000,00 |
| 7 | Ул. позади Кеопс-Декорпод | | | | 46.000,00 | | | | 46.000,00 |
| 8 | 35 кв кабел околу Стадион | | | | 300.000,00 | | | | 300.000,00 |
| 9 | ул. „Ари Ангеловски„ | 30.000,00 | 15.000,00 | 25.000,00 | | | | | 70.000,00 |
| 10 | ул.Сутјеска | 70.000,00 | 34.000,00 | 44.000,00 | | | | | 148.000,00 |
| 11 | ул. Струшка | 33.000,00 | 16.500,00 | 27.500,00 | | | | | 77.000,00 |
| 12 | ул.Цане Василев | 66.000,00 | 33.000,00 | 33.000,00 | | | | | 132.000,00 |
| 13 | ул. 2-ри Август | 76.000,00 | | | | | | | 76.000,00 |
| 14 | Пешачки мост над железничка пруга спроти ОУ Коле Камински | | | | | | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| 15 | Реконструкција на зграда за противпожарна станица БТ | | | | | 300.000,00 | | | 300.000,00 |
| 16 | ул. Димитар Илиевски Мурато (Борис Кидрич) | 100.000,00 | | | 33.500,00 | | | | 133.500,00 |
| 17 | ул. Довлеџик-измени во тек на градба„ за Л=500 м | 518.400,00 | | 54.000,00 | 54.000,00 | | | | 626.400,00 |
| 18 | Бул 1ви Мај десна страна | 221.000,00 | | 112.300,00 | 25.000,00 | | | | 358.300,00 |
| 19 | Реконструкција на ул. Партизанска | 400.000,00 | | | | | | | 400.000,00 |
| 20 | Локален пат за с. Дихово од прикл со Р пат | 150.000,00 | | | | | | | 150.000,00 |
| 21 | Сообраќајни проекти низ улици во Битола,Измена на траен и времен режим на сообраќај | 690.000,00 | | | | | | | 690.000,00 |
| 22 | Изработка на рампина за пристап до ОУ и СУ и други институции | 150.000,00 | | | | | | | 150.000,00 |
| 23 | Изработка на Програма за енергетска ефикасност | | | | 50.000,00 | | | | 50.000,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Геодетски елаборати | | | | | 500.000,00 | | | 500.000,00 |
| 25 | Геомеханички елаборати | | | | | 100.000,00 | | | 100.000,00 |
| 26 | Мислења од ИЗИИС | | | | | 100.000,00 | | | 100.000,00 |
| 27 | Реконструкција на други објекти (Излози во Стара чаршија) | | | | | | | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 |
| 28 | ул. Љубојно Л=300 м | 40.000,00 | | | | | | | 40.000,00 |
| 29 | ул. Македонска Фаланга-позади Офцерски дом со Л= 270 м | 236.000,00 | 59.600,00 | 59.960,00 | 59.800,00 | | | | 415.360,00 |
| 30 | ул. Браќа Џаферови (паркинг позади Финансов) Л=45 м +паркинг | 45.380,00 | | | 16.300,00 | | | | 61.680,00 |
| 31 | Гасификација-примарна мрежа во Битола (Проект за инфраструктура) Л=25.000м | 1.500.000,00 | | | | | | | 1.500.000,00 |
| 32 | Фудбалско игралиште с. Црнобуки КП 2530 П= 9706 м2 ( Агенција за млади) Игралиштето 1500 м2 | 162.000,00 | | | | | | | 162.000,00 |
| 33 | ул. Солунска (пресек ,,К.Охридски,, со ..Т.Даскало,,) Л= 530 m | 310.000,00 | | 30.000,00 | 68.000,00 | | | | 408.000,00 |
| 34 | ул. Тошо Даскало (пресек ,,Солунска,, со ,,Партизанска,,)Л=380 m | 268.000,00 | 38.300,00 | 38.300,00 | 38.000,00 | | | | 383.000,00 |
| 35 | Мост на р. Драгор на ул Довлеџик и пропусти на р. Курдерес Л= | | | | | | 1.416.000,00 | | 1.416.000,00 |
| 36 | Реконструкција на Лок пат за с. Магарево | 130.000,00 | | | | | | | 130.000,00 |
| 37 | Кров на О.У ,,Ѓорги Сугарев" П=1430+729 м2 | | | | | 100.000,00 | | | 100.000,00 |
| 38 | Куглана ,,Боро Чуревски" П=305м2 | | | | | 50.000,00 | | | 50.000,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 39 | Паркинг (Гт,, Работнички) | 240.000,00 | | | | | | | 240.000,00 |
| 40 | Пешачка улица на Тумбе Кафе до Зоолошка градина Л=600 м | 240.750,00 | | | | | | | 240.750,00 |
| 41 | Реконструкција на ул:,,Кленовец" Л=700 м | 100.000,00 | | | | | | | 100.000,00 |
| 42 | Реконструкција на ул:,,Пробиштип" Л=170 м | 125.175,00 | | | | | | | 125.175,00 |
| 43 | Рекострукција на ул:Ѓорѓи Ѓорѓиев Џоџа Л=155 м | 135.000,00 | | | | | | | 135.000,00 |
| 44 | Патеки пешачки низ Тумбе кафе Л=6000 м со ш=2.00 м | 200.000,00 | | | | | | | 200.000,00 |
| 45 | Основни проекти за с. Егри | 444.700,00 | | | | | | | 444.700,00 |
| 46 | Техничка документација за ревитализација на улици во Битола | 2.740.000,00 | | | | | | | 2.740.000,00 |
| 47 | ДГ Снегулка | | | | | 500.000,00 | | | 500.000,00 |
| 48 | Сообраќајна студија | 919.999,00 | | | | | | | 919.999,00 |
| 49 | Улици во с. Карамани, с. Поешево и г. Оризари,с. Логоварди,, с. Бистрица, с. Кравари, с. Ротино, с. Жабени и с. Меџитлија (ПИ + ОПЛИГ за Л=9000 м)и пристап од Битола до археолошки локалитет Кале, објект Бедем | 1.700.000,00 | | | | | | | 1.700.000,00 |
| | ВКУПНО | 12.940.404,00 | 336.400,00 | 424.060,00 | 690.600,00 | 2.850.000,00 | 1.716.000,00 | 3.800.000,00 | 22.757.864,00 |

**ПРИЛОГ 2**

| Ред бр. | Шифра | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| | **464990** | **ДРУГИ ТРАНСФЕРИ** | **12.540.005,00** |
| | | Кофинансирање ПР-Куглана | 7.139.500,00 |
| | | ЛЕСС | 100.000,00 |
| | | Локален волонтерски совет | 200.000,00 |
| | | Учество на ОБ во проекти | 2.200.000,00 |
| | | ЦППР | 1.240.005,00 |
| | | Кофинансирање за проект на СОТУ Ѓорги Наумов | 1.660.500,00 |
| | | вкупно: | 12.540.005,00 |
| | **426990 Г1** | **Други оперативни трошоци** | **312.300,00** |
| | | Работа и активности за стратегија на ЕР | 300.000,00 |
| | | Европа на врата | 12.300,00 |
| | **426120Г1** | **Членарина за** | **806.000,00** |
| | | ЗЕЛС | 763.000,00 |
| | | ЛАГ | 6.000,00 |
| | **426210 Г1** | **Репрезентација** | **92.250,00** |
| | **425970 Г1** | **Консултантски услуги** | **49.200,00** |
| | **463110 ЗГ** | **Трансфер до ЗГ** | **700.000,00** |
| | | Соработка со Граѓански организации | 350.000,00 |
| | | ЛЕСС- | 100.000,00 |
| | | Локален волонтерски совет | 200.000,00 |
| | | стари лица | 50.000,00 |
| | **ЗГ трансфер** | **Еднократна помош до здруженија на граѓани** | **2.000.000,00** |
| | | Кредит за возила | **61.500.000,00** |
| | **КА 744311** | Офицерски дом-зголемена туристичка понуда | **5.879.261,00** |
| | | **СЕ вкупно** | **83.879.016,00** |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измени и дополнување на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Битола за 2020 година**

1. Ја објавувам Програмата за измени и дополнување на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Битола за 2020 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-120/9
03.02.2020 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ
## на Програма за остварување на социјална заштита
## во Општина Битола за 2020 година

Измените се во активноста 5.5. во целите и финансискиот дел на активноста беа планирани 50.000 дена сега се зголемуваат на 550.000 ден

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.5 | Зголемување на јавното учество , преку неформални средби и подобрување на човечките капацитети во образовните институции | Општина Битола | Обуки, печатење промотивни материјали, медиумска покриеност | зголемување на јавното учество во процес на донесување одлуки, развој на инклузивна средина за надминување на бариерите и стереотипите за деца од ранливи категории **и јакнење на капацитетите на наставниот кадар во образовните институции** | 2020 | **550.000 ден** | Број на активности и број на лица вклучени во нив |

## Прилог 1

| Ред.бр | шифра | Субвенции и трансфери | износ |
|---|---|---|---|
| | 426 310 | -Семинари, обуки | 1.000.000 ден |

Бр.09-03/11
30.01.2020 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Проектот Почиста и зелена Битола за 2020 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Проектот Почиста и зелена Битола за 2020 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Проектот Почиста и зелена Битола за 2020 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Проектот Почиста и зелена Битола за 2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-03/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Измени и дополнување на Годишниот план за вработување во ЈП Комуналец - Битола за 2020 година**

1. Го објавувам Решението за двање согласност на Измени и дополнување на Годишниот план за вработување на ЈП Комуналец - Битола за 2020 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-120/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14...143/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Измени и дополнување на Годишниот план за вработување во ЈП Комуналец - Битола за 2020 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Измени и дополнување на Годишниот план за вработување на ЈП Комуналец – Битола за 2020 година бр.01-393/9 од 21.01.2020 година.
